# Информационен систем на пазарната инспекција

**Златко Димовски,** Министерство за стопанство
**Мирјана Апостолова,** Завод за информационен систем на град Скопје

Во тек на 1995 година интензивно се работеше на модернизација и воведување на И/С во Министерството за стопанство. Во таа смисла беше дефиниран и приоритет во реализација на потпроектите кои го сочинуваат тој И/С. Во рамки на реализацијата беше формирана Група за квалитет составена од креативни кадри во Министерството и проектанти консултанти, кои дефинираа подрачја од посебен интерес на модернизацијата. Во таа смисла во дефинирањето на интересот во 1996 година, а воедно и на инсистирање на Главниот пазарен инспектор предложено е во рамки на реализацијата на информациониот систем на Министерството за стопанство-Втора фаза, да се реализира и проект кој ќе го отпочне процесот на модернизација во пазарната инспекција.

## Окружување

Проектирањето и реализацијата на информациониот систем на пазарната инспекција се одвива во фаза на големи промени во стопанскиот развој на државата. Инспекцијата е еден од клучните фактори кои влијаат на рамнотежата на пазарот како од аспект на производството така и од аспект на прометот, услугите и контролата на квалитетот на производите од увоз.

Окружувањето го карактеризира непрецизирана и незаокружена законска и друга регулатива чија примена инспекцијата е обврзна да ја следи и контролира што има директно влијание на ефектите од постапувањето на инспекцијата.

Карактеристична е недоволна или парцијална соработката со другите инспекциски органи, особено со финансовата и санитарната, кое условува поединечно постапување на секоја инспекција кај еден ист субјект што ги намалува ефектите и ефикасноста од преземените мерки наспроти потребата од заедничко делување и настапување.

Во голем број случаи заокружувањето на постапката пред надлежните судови не ја следи итноста на предложените мерки, со што истата се успорува и ги намалува ефектите.

## Определби и цели

Основна цел на Инспекторатот е: **Модерен, ефикасен и професионален инспекторат**. Определби во реализација на вака дефинирана цел се:

⇒ воведување на систем на следење на квалитетот на работењето на пазарните инспектори

⇒ изградување на имиџ на модерен и професионален инспекторат

⇒ стандардизација на постапките, процедурите и документите на работата во инспекторатот

## Глобални рамки на проектот

Поаѓајки од комплексноста, обемот на работата и постојната организација на Пазарниот инспекторат, а воедно и целта да се отпочне процесот на модернизација, основна определба е да во фазата на дефинирање на Визија, Мисија, Цели, како и Глобален концепт на И/С, се опфати целокупното работење на Инспекторатот. Додека, во изборот и реализацијата на приоритетните проекти да се имаат во предвид процесите кои се одвиваат во Инспекторатот првенствено во функција на Главниот пазарен инспектор.

Во рамки на новото решение се опфатени:

⇒ постапката за надзор над прометот

⇒ следењето на работата на инспекторите

Во функција на овие сегменти се реализирани и евиденција на инспекторите и стандардизација на постапки, процедури и документи.

Сегментите контрола на производи при увоз, **модер-**

**низација** на подрачни организациони единици и второстепени управни постапки се оставени за втора фаза од проектот.

## Ризици, претпоставки и зависности

Проектниот тим во дефинирањето на проектното решение го констатира следното:

- проектот е комплексен кој опфаќа целокупно работење на инспекторатот и треба да биде третиран како таков,
- идентификувана е потреба од повеќе бази на податоци кои ги создава и води друго министерство или сектор во министерството за стопанство,
- претпоставува квалитетна техничка база која би требала да ги покрие работните процеси не само во делот на подршка на главниот инспектор туку и во делот на пограничните и подрачните инспектори,
- идентификува директна зависност и координација со подрачните единици на Министерството за стопанство во делот на обезбедувањето на податоците за дуќани како и во постапката на нивната регистрација,
- дефинирање на фазна реализација на И/С со приоритет на функции кои го опслужуваат Главниот пазарен инспектор.

## Појдовни основи во модернизацијата

Појдовни основи во модернизацијата произлегоа од анализата на состојбите во пазарната инспекција каде се констатира следното:

⇒ непостоење на единствени евиденции на субјектите кои подлежат на контрола и надзор

⇒ слаба соработка со други сектори, органи или инспекции кои во своето работење контактираат со истите субјекти

⇒ затечени релации и методи на работа кои прават инспекторот да биде слабо или недоволно авторитативен како и недоволно мотивиран за работа

⇒ потреба од стандардизација на процедури и документи кои се користат и создаваат во инспекторатот кое обусловува и различна примена и толкување на прописите од страна на инспекторите

⇒ оптеретеност со физичко присуство на инспекторите кај субјектите на терен поради што има слаба аналитичност и систематизираност по однос на појавените проблеми

Имајки ги предвид констатираните состојбите во постојното работење, се предлагаат следните акции и промени:

⇒ воведување на единствен систем на евидентирање и архивирање на предметите во инспекторатот кои произлегуваат од извршениот надзор

⇒ изградување на управна пракса која ќе биде во функција на професионална помош во решавање на слични предмети

⇒ намалување на можностите на влијание врз резултатот од надзорот преку автоматизација на постапката за изготвување на нормативните акти

⇒ изградување на процес на перманентна едукација на инспекторите во функција на професионално следење на сите промени и новини во општеството

⇒ дефинирање на современи начини на комуникација со подрачните организациони единици, граничните инспектори и другите сектори на министерството, министерствата и други органи и организации.

## Концепт на ново решение

Во концепцијата на информациониот систем се вградени сознанијата до кои се дошло во фазата на анализа на постојното работење, моделирањето на деловниот систем и направени се обиди да се амортизираат искажаните слабости во постојната организација на работа.

Конкретно, И/С на пазарната инспекција го сочинуваат:

- заеднички бази на податоци,
- информатички сегменти,
- стандардизирани и модернизирани деловните постапки,
- методи за современо информирање и презентирање на резултатите,
- современа комуникација (интерна и екстерна).

## Заеднички бази на податоци

Во рамки на Глобалниот концепт на информациониот систем на Пазарната инспекција се дефинирани следните заеднички бази на податоци: Инспектори,Сумарни извештаи, Записници, Поединечни решенија/акти, Барања до судот, Пријави за стопански престап, Потврди, Уверенија, Упатства, Стопански субјекти, Преставки, Планови и програми, Заклучоци.

## Информатички сегменти

Информациониот систем на пазарната инспекција го сочинуваат следните информатички сегменти подредени по приоритет:

1. **Организација, координација, управување и аналитика**

   Ги опфаќа работните активности сврзани со планирање на работа, усогласување и распоред на инспектори, организација на групно и тимско работно време, следење на работата на инспекторите, следење и анализа на состојбите на пазарот,

соработка и комуникација со Министерството за стопанство и контакт со јавните гласила.

2. **Контрола на прометот на домашниот пазар**

   Ги опфаќа постапките на перманентна и повремена контрола на прометот на домашниот пазар по однос на квалитетот на домашните производи, согласно стандардите за квалитет, услугите и цените.

3. **Постапување по преставки од граѓани**

   Подразбира евидентирање, испитување и постапување по преставки од граѓани или претпријатија како и активности и мерки кои се преземаат по однос на наодите од преставката.

4. **Следење на работата на инспекторите**

   Евидентирање на поединечни месечни и годишни извештаи од работата на инспекторите како и сумирање на резултатите на ниво на инспекторат по дејности, гранки, преземени мерки.

5. **Нормативно правни работи**

   Подразбира евидентирање и следење на законските и подзаконските акти чија примена се контролира, како и постапките на предлагање и изготвување на законски и подзаконски акти како и упатства за нивна примена. Во рамки на овој сегмент се опфатени и евидентирањето на второстепените управни постапки како и следењето на предметите во судот и жалбените постапки. Во рамки на овој сегмент е и изградба на инспекторска/управна пракса.

6. **Следење на предмети предадени во суд**

   Подразбира евидентирање на предмети предадени во суд како и жалби по однос на судски пресуди, а во врска со решенија на инспектор како и второстепените управни постапки.

7. **Контрола на квалитет на производи при увоз**

   Ги опфаќа постапките на редовна контрола на квалитетот на основните прехрамбени производи од увоз како и следење на работата на увозниците и шпедитерите.

8. **Надзор над квалитетот на производи од домашно производство**

   Постапки на редовен надзор над квалитетот на производството на стопанските субјекти и носителите на дејност.

Реализацијата на овие информатички сегменти ќе се одвива во фази со тоа што во првата фаза која е во тек се реализираат следните сегменти: Организација, координација, управување и аналитика, Контрола на прометот на домашниот пазар, Постапување по преставки од граѓани и Следење на работата на инспекторите.

## Архитектура на информациониот систем

Архитектурата на информациониот систем предвидува реализација на модерен отворен концепт на клиент/сервер компјутерска мрежа на ниво на Инспекторатот која континуирано ќе се надоградува. Конкретно, во инспекторатот ќе функционира мрежа од 15 персонални компјутери, директна комуникација со И/С на Министерството, фазно опремување и компјутерска комуникација со подрачните организациони единици, обезбедување на адекватни проектни решенија и опремување на пограничните терминали и директна компјутерска комуникација со институции од интерес на инспекторатот (царина, ЗЗЗ, инспекции...).

Конкретното димензионирањето на компјутерските капацитети и бројот на работните станици ќе биде усогласено со динамиката на модернизацијата во Министерството за стопанство и неговата техничката платформа.

## Информационен систем на пазарната инспекција - Прва фаза

Поаѓајки од комплексноста на деловниот систем на Пазарната инспекција дефинирани се повеќе информатички сегменти чија реализација треба да се одвива во фази, во зависност од искажаниот приоритет.

Во изборот на сегментите од првата фаза се почитуваа следните определби:

- да се опфатат сегменти кои се меѓусебно зависни и се надополнуваат (процеси на надзор со процеси на организација и следење на работа на инспекторите и база на податоци на инспектори),
- да се реализираат сегменти чии решенија лесно ќе се аплицираат во реализацијата на останатите сегменти (бази на податоци за записници, решенија, барања, пријави) а во функција на изградување на единствениот информационен систем и воведување на стандардизација на работните постапки,
- да се опфатат процесите кои како пилот решение лесно ќе се аплицираат во подрачните единици по општини во Републиката, со тоа што би се тестирале и воведувале во екплоатација во Скопје,
- да се отпочне со формирање на информациона база која ќе овозможи поголема ефикасност на работата на главниот пазарен инспектор.

Во дефинирањето на новото решение за Првата фаза доследно се почитувани определбите и начелата дефинирани во глобалниот концепт, со посебен осврт на задоволување на барањата за оперативно (секојдневно) користење на податоците, воведување на нова организација на податоците со максимална стандардизација на деловните процеси и деловната документација, модернизација на извршувањето на деловните процеси со неопходни промени во постојната организација и метод на работа.

Во рамки на првата фаза од реализација на Информациониот систем на пазарната инспекција реализирани се следните информатички сегменти: Организација, координација, управување и аналитика, Контрола на прометот на домашниот пазар, Постапување по преставки од граѓани, Следење на работата на инспекторите и Евиденција на инспектори.

## Очекувани ефекти

⇒ воведување на систем на следење на квалитетот на работењето на пазарните инспектори

⇒ стандардизација и заштита на постапките, процедурите и документите на работата во инспекторатот

⇒ изградување имиџ на модерен и професионален инспекторат

## Констатации и препораки

Проектниот тим од досегашната реализација на проектот го констатира следното:

Информациониот систем на пазарната инспекција е комплексен проект кој во голема мера влијае на досегашниот начин и организација на работа, го опфаќа целокупното работење поради што треба да има третман на инфраструктурен проект.

Добиените резултати од направениот модел на деловниот систем и ре-инжењериг на постојното работење треба да се имаат во предвид при донесување на акти кои ќе ја регулираат организацијата и методот на работа на Инспекторатот.

Идентификувана е потреба од користење на податоци од други сектори во Министерството (регистер на дуќани, регистер на стопански субјекти..) како и други министерства и органи и организации ( царина, статистика, МВР, Завод за платен промет, финансии, судови...) во функција на што треба да се преземат конкретни акции од страна на Инспекторатот, Министерството и Владата.

Идентификувана е директна зависност и потреба од координација со подрачните единици на Министерството за стопанство во делот на обезбедување податоци за дуќани како и во постапката за нивна регистрација.

Реализација на зацртаниот концепт претпоставува квалитетна техничка, комуникациска и програмска опрема чие обезбедување треба да биде приоритетно во плановите за компјутеризација на Министерството.

Истакната е потреба од координиран настап на сите инспекциски служби кои третираат и контролираат идентични субјекти во функција на ефикасност во преземените мерки како и идентичен однос во примената на прописите.

Идентификувана е потреба од поефикасна соработка со правосудните органи во функција на заокружување на постапката и информација за ефектите од предложените мерки врз субјектот кој е контролиран.

Потенцирана е потреба од нов начин на презентирање на состојбите на пазарот и преземените мерки за сузбивање на тие состојби, во функција на нов квалитет на информирање на јавноста.

## Организација, одговорности и ресурси

Реализацијата на потпроектот е доверена на следниот проектен тим:

⇒ спонзор на проектот - Беќир Жута - Министер за стопанство

⇒ поект менаџер - Благоја Петрушевски - заменик на министерот

⇒ раководител на проектот - Вида Трајковски - директор на Заводот

⇒ раководител на подпроектот - Мирјана Апостолова

⇒ Координатор на подпроект - Златко Димовски

⇒ членови на проектен тим од страна на:

⇒ Завод - Наташа Алексиќ

⇒ Инспекторатот: Перо Митков, Наташа Бундалевска, Мери Проја Продановска, Мите Начев

## Наместо заклучок

Со реализацијата на проектот е отпочнат процесот на модернизација во Инспекторатот, создадена е клима на “потреба од промена” која треба и понатаму да се негува, а сега со сета сила се прават напори да се обезбеди техничката платформа за реализација на првата фаза.

Во тек на 1997 година ќе отпочне Втората фаза на проектот кога ќе бидат опфатени подрачните организациони единици и следењето и контролата на увозот до крајната цел, изградување на систем кој квалитетно ќе комуницира со информационите системи на другите инспекции и службите од големо значење за прометот како што се Управата за царини, Заводот за платен промет, судовите и други органи и институции.



**Златко Димовски,** дипломиран економист, роден 1956 година во Скопје. Работи во Министерството за стопанство најпрво како советник на Министерот за цени, а сега ја обавува функцијата Главен републички пазаришен инспектор.

Учествувал во изработка на Проектот за модернизација и воведување на И/С во Министерството, а посебно во Секторот за цени, како и во Проектот за реализација на информациониот систем на пазарната инспекција.